СОС ДЕТСКО СЕЛО
МАКЕДОНИЈА

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 22-09-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 6056 | 1 | |

Бр. 03-389
15.09.2017 год.
Скопје

СОС Детско село Македонија

Национална канцеларија

Ристо Шишков 25
МК-1000 Скопје
Р. Македонија

Тел/факс: +389 2 3290 556
E-mail: info.na@sos.org.mk
www.sos.org.mk
www.sos-childrensvillages.org

**За:** Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија
- Одделение за соработка со невладини организации

**Од:** СОС Детско село Македонија

**Предмет:** Предлог за политики

**Дата:** 15.09.2017

Почитувани,

Во рамки на повикот до граѓанскиот сектор за активен придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, согласно член 14 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, СОС Детско село Македонија предлага конкретни законски одредби кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Македонија за 2017 година.
Ви доставуваме на разгледување два предлози, за кои се надеваме дека ќе бидат прифатени од ваша страна. Секако, доколк усе потребни дополнителни објаснувања и/или документи, тимот на СОС Детско село Македонија ви стои на располагање.

**Предлог 1:**
СОС Детско село Македонија иницираше процес на креирање и усвојување на модел на склучување на договори за социјални услуги. Со овој процес се предвидува подобрување на националното законодавство и политиките преку развивање на механизми за социјални договори во областа на социјалната заштита во Република Македонија.

Главна цел на оваа иницијатива е Подобрување на социјалните услуги кон граѓаните во Македонија согласно нивните потреби, а преку создавање на поволна правна средина за социјални договори, како и подобрување на националното законодавство и политиките преку развивање на механизми за социјални договори во областа на социјалната заштита во Република Македонија.
Воедно, сакаме да нагласиме дека согласно постојната законска регулатива, овозможено е различни субјекти да даваат социјални услуги во заедницата, но сеуште овој процес не е доволно развиен и не се практикува доволно. Во основа сите социјални услуги се обезбедуваат од централно ниво. Заради подобрување на услугите кон граѓаните, постои потреба повеќе чинители

да се јават како даватели на социјални услуги, меѓу кои и граѓанските организации (ГО). Овој модел се практикува во многу земји со развиен граѓански сектор, со што се обезбедува соработка на со ГО, одржливост на ГО, како и обезбедување на услуги на поефективен начин, без дополнително врзување на човечки ресурси.

Преку воведувањето на овој модел се овозможува иновативен пристап за подобрување на квалитетот на испораката на социјални услуги, со вклучување на ГО, проширување на опфатот на социјалните услуги за маргинализирани групи, како и поголема финансиска одржливост на ГО. Од друга страна со оваа мерка се подобрува и олеснува пристапот на граѓаните кон социјалните услуги и нивна одржливост.

Креирањето на механизми за испорака на социјални услуги од страна на ГО ќе ја зголеми довербата и соработката помеѓу владините институции и граѓанскиот сектор и ќе придонесе кон поголемо користење на можноста за делегирање на функции/надлежности и подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните.

Уште повеќе, со воведувањето на овој модел ќе се подобрат капацитетите на системот на социјална заштита, вклучување на различни субјекти во испораката на услуги, што директно ќе води кон поголема конкурентност и квалитет согласно специфичните потреби за социјална заштита на граѓаните.

Носители на овој процес се Министерство за труд и социјална политика и СОС Детско село Македонија. Иницијативата е веќе прифатена од механизмот „Отворено владино партнерство" и како посебна мерка е составен дел од националниот Акциски план за отворено владино партнерство 2016-2018 година (во прилог мерката).

Во рамките на овој процес, СОС Детско село Македонија направи компаративна анализа со споредба на јавни политики во однос на слични модели во неколку земји на Европска Унија. Дополнително, беа подготвени Проценка на влијанието на Јавната политика (РИА) и Анализа на користи и трошоци (Cost benefit анализа). Согласно препораките од оваа анализа, во соработка со Министерство за труд и социјална политика пристапивме кон подготовка на основните предлози за промена на законската регулатива во оваа област кои како нацрт документи (Правилник, предлози за законски измени, процедури и стандарди за лиценцирање на НВОи како даватели на услуги) веќе се доставени до Министерката за труд и социјална политика г-ѓа Мила Царовска.

Конкретно предлагаме донесување на:

а) Подзаконски акт за регулирање на моделот на социјални договори со вклучени механизми за склучување на договори

б) Стандарди и процедури за лиценцирање на организации – даватели на социјални услуги

в) Законски измени со цел целосно воведување на моделот на социјални договори во Република Македонија, поточно во Законот за Социјална заштита и Законот за Јавни набавки.

**Предлог број 2:**

Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на ОН за правата на детето и ги инкорпорираше одредбите во националното законодавство. Преамбулата на Конвенцијата за правата на детето Обединетите нации вели: "Признавајќи дека детето, за целосен и хармоничен развој на неговата личност, треба да порасне во семејно опкружување, во атмосфера на среќа, љубов и разбирање".

Уставот на Република Македонија (член 40) и Законот за семејство (член 4) предвидуваат дека државата обезбедува посебна заштита за семејството, мајките, децата, малолетниците, лицата без родители и родителската грижа.

Системот на социјална заштита во Македонија се базира на принципите на:

 Социјална правда и солидарност

 Посебна грижа и заштита за семејството и децата без родители и родителска грижа.

Правата, услугите и заштитата на децата без родители и родителска грижа во Република Македонија од социјален аспект се регулирани со Законот за социјална заштита и Законот за семејство, како и одредени подзаконски акти.
СОС Детско село Македонија е посветена на поддршка на развојот на квалитетна грижа за децата во ризик во Македонија преку програми за јакнење на семејствата, превентивни услуги и овозможување на семејно-заснована алтернативна грижа.

Кога нашата организација ја воведе PRIDE методологијата за обука на згрижувачки семејства во Македонија, во соработка со сите чинители кои работат со деца на кои им е потребна грижа, тоа претставуваше зајакнување на згрижувањето како услуга. Се појави заедничка волја дополнително да се подобри грижата и заштитата на деца без соодветна родителска грижа во земјата.

Во минатите три години PRIDE моделот на пракса која ја спроведе СОС Детско Село Македонија беше одлично искуство. Згрижувачите и социјалните работници ја опишуваат обуката како искуство кое го менува нивното гледиште кон работата со децата, биолошките семејства и стручните лица околу детето. PRIDE обуката треба да биде задолжителна за сите згрижувачи и стручни лица кои работат во областа на згрижувањето.

Оттука, но и согласно оценката за успешноста на програмата, која беше спроведена од страна на Заводот за социјални дејности, предлагаме PRIDE програмата за обука да биде прифатена од страна на државата како задолжителна програма според која ќе се обучуваат сите згрижувачки семејства и стручни лица кои работат во областа на згрижувањето.

Ова треба да биде спроведено преку изменување и дополнување на законот за социјална заштита, во кој ќе овозможи и други програми и методологии за обука бидат прифатени и измена и дополнување на Правилник со кој ќе се регулира воведувањето на PRIDE програмата за обука како задолжителна. PRIDE програмата треба да биде задолжителна за сите специјалисти за згрижување, вклучително и самите згрижувачи, и во подготвителната фаза, и во фазата на проценка, како и во периодот на згрижување, кога згрижувачите веќе имаат деца сместени кај себе.

Воведување на PRIDE Програмата за обука на згрижувачи како Владина програма, односно, да биде предложена од Министерството за труд и социјална политика при изработка на програмата на Владата на Република Македонија (на пример како што е Програмата Д-10 за вработување на деца без родители и без родителска грижа) согласно член 4 од Законот за социјална заштита;

а) Промена во Законот за социјална заштита Член 32-а во критериумите кои треба да ги исполнува згрижувачот во делот кој може да гласи ,,да има завршено обука за згрижувач, прифатена и одобрена од Заводот за социјални дејности";

б) Вградување на PRIDE Програмата за обука на згрижувачи во постојниот "Правилник за Критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои може да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и

обемот на услугите што му се обезбедуваат на сместеното лице (согласно член 35 од Законот за социјална заштита)„ преку промена на член 3, став 1 кој ќе гласи: „Згрижувач може да биде лице на возраст од 18 до 65 години возраст кој има успешно завршено обука за згрижувачи, согласно програми за обуки прифатени од Заводот за социјални дејности" или преку воведување на нов дел во правилникот кој ќе се однесува на дефинирање на видовите на програми за обуки за згрижувачи.

в) Донесување на нов "Правилник за Критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои може да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите што му се обезбедуваат на сместеното лице (согласно член 35 од Законот за социјална заштита) со воведување на нови елементи:

- Внесување на минимум стандарди за заштита на детето во поглед на просторните услови и опремата, задоволување на здравствените и развојните потреби на детето, опрема за лична хигиена, облека, обувки, воспитно-образовни потреби кои треба да бидат исполнети од страна на згрижувачките семејства.
- Донесување на стандарди и процедури за постапување на стручните работници
- Внесување на сите видови на обуки
- Видови на згрижување (професионално згрижување)
- Регистри за евиденција и сл

г) Да се направи дополнување на членот 165 од Законот за социјална заштита, со алинеја 6 која ќе гласи: „Да има завршено обука за згрижувачи, согласно програми за обуки прифатени од Заводот за социјални дејности ".

Нашата организација стои на располагање доколку сметате дека е потребно дополнително елаборирање на предлозите и самите иницијативи. Секако, на ваше барање ќе ви ги доставиме сите документи кои ги подготвуваме во рамки на иницијативата.

Со почит,

СОС Детско село Македонија
Извршен Директор
Јулијана Накова Гапо